# Македонска Кауза – Трибина на Левичарски институт „Рацин“ по повод 150 години од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев

*31/01/2022*




Почитувани,

Ја имаме огромната чест да го најавиме првиот настан организиран од левичарскиот институт „Рацин”, по повод 150 години од раѓањето на македонскиот револуционер ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ – со цел одбележување на духот на македонската државотворност и за празнување на врската помеѓу минатото, сегашноста и иднината. На трибината, насловена како „Македонската кауза – 150 години од раѓањето на Гоце Делчев”, говорници ќе бидат:

– Проф. Д-р. Димитар Љоровски Вамваковски
– Проф. Д-р. Љубомир Цуцуловски
– Проф. Д-р. Билјана Ванковска
– Проф. Д-р. Јован Донев
– Проф. Д-р. Стојко Стојков (ОМО Илинден – Пирин)

Настанот ќе се одржи во Кино Фросина, МКЦ – во петок, со почеток од 18:30 часот.
Во време на будење на сенките од минатото, време е и за возобновување на живототворната енергија и желба за слобода во нов пријателски свет, кои биле клучни за сите историски успеси на нашите минати дејци – – да оставиме здрав плод од кој идните генерации ќе бидат оплеменети со мудростите на класната и национална свест која води кон подобар свет!

**Линк од настанот:**
**https://www.facebook.com/events/357562505888699**